МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Едукација по Неонатологија

*ЈЗУ Општа Болница Охрид*
*Универзитетски Клинички Центар Љубљана, Р.Словенија*
*01 Декември - 24 Декември 2014*
*Др. Благовеста Паскали*
*21.12.2015*

www.moh.gov.mk

# *Клинички Центар Љубљана Р.Словенија*

Универзитетскиот медицински центар во Љубљана е болнички центар на Словенија и најголемиот болнички центар во Средна Европа. Тој е официјално отворен на 29 ноември 1975 година и заклучно со септември 2010 има над 2000 кревети и повеќе од 7.000 вработени, што го прави еден од најголемите болнички центри во Централна Европа. Тој е главна база на Факултетот за здравствени науки и на Факултетот за медицина во Љубљана, кој е сместен во близина. Универзитетскиот Клинички Центар во Љубљана во моментов е предводен од Андреј Баричиќ.




univerzitetni klinični center ljubljana

# Клиника за детски болести

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Клиниката за детски болести UKC е централна институција во Република Словенија за дијагноза и третман на деца и младинци од раѓање до 18-годишна возраст. Составена е од 10 болнички одделенија, од кои секое има 6 клинички и 4 сервис оддели. Покрај тоа, постои и новоформираниот оддел за итни педијатриски случаи. Од 2009 година, Клиниката за детски болести работи речиси во една модерна зграда на улица Bohoričeva 20. Дел од специјализираните лаборатории се сместени во старата зграда на пазарот Vrazov 1.

## Неонатологија

На Клиничкиот Оддел за неонатолози се спроведува интензивна дијагностичка евалуација и третман на болни новороденчиња. Се врши транспорт на болни новороденчиња од сите словенечки породилиштата. Се обезбедува дијагноза и третман на различни болести кај новородени и вршат различни неонатални супспецијалистички прегледи. Одделението е опремено со 14 инкубатори, греење, легла и  современа медицинска опрема за интензивно лекување на новороденчиња. Децата се згрижени според принципите на интегриран развој на индивидуализацијата на третманот. Хоспитализирани се и мајките, кои се вклучени во лекувањето на нивните деца, а под раководство на експерти ги учат постапките за нега на децата.



# Клиника за детски болести

univerzitetni klinični center ljubljana
University Medical Centre Ljubljana

## Начин на работа:

❖Тимски(конзилиарно);
❖Со виско едуциран персонал од професори, доктори,сестри
❖Со врвна апаратура;
❖Присуство на етички норми.



# *Едукација по неонатологија Дијагностички процедури за ехо дијагностика на ЦНС и колкчиња кај новороденчиња*

Веднаш по доаѓањето на нашата група од 15 доктори специјалисти, уште првиот ден бевме примени од раководниот кадар на болницата. Бевме запознаени со болницата, правилата на однесување, хигиена и распоред на работа. По средбата со раководителот на неонатолошкиот оддел беа испочитувани моите желби на што ќе посветиме посебно внимание при едуцирањето.

Мојот акцент беше ставен на:

-Ехо-дијагностика на централен нервен систем на новороденчиња;
-Ехо-дијагностика на колкчиња на новороденчиња;
-Дијагностички процедури во неонатологија.

Секое утро почнував со визита на пациентите, при тоа активно учествував во дијагностички и тераписки процедури. Присуствував на конзилиарни прегледи. Од 11 до 13 часот присуствував на прегледи на надворешни пацинети во амбулантите сместени на приземје.

.

За време на мојот престој ми беше достапна литература и компјутерски материјали од областа на мојата едукација.







За Ехо-дијагностина на колкчиња на новороднчиња бев упатена на Ортопедска Клиника кај Др. Н. Берден. Активно и пасивно учествував на скрининг прегледи на колкчиња кај новороденчиња. Бев запознаена и со терапеутските процедури за колкчиња кај деца. Во прилог на ова добив литература и од оваа област.

Во исто време го посетував и интензивниот неонатолошки оддел на ГАК, каде секој ден се спроведуваа скрининг прегледи на колкчиња кај новороденчиња во траење од 1 час.



# Заклучок:

Пред три години во Институтот за Неонатологија во Белград, се запознав со сите процедури во областа на Неонатологија и започнав со Ехо-дијагностика на ЦНС кај новороденчиња со врвни доктори, во траење од 3 месеци.

Ова е моја втора едукција. Таа допринесе за усовршување на моето знаење, побогато искуство, поперспективни работни ангажмани и кариера во нашата установа.

Се надевам дека ќе имам уште можности за усовршување на оваа дијагностика.